# Службен весник на Република Македонија

**Број 221** **3 декември 2018, понеделник** **година LXXIV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3954. | **Заклучоци** од Собранието на Република Македонија......................... | 2 |
| 3955. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација и предтретман на отпадни води во нас. Оморани (Васил Антевски Дрен) КО Оморани, Општина Чашка................................................ | 2 |
| 3956. | **Одлука** за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција............... | 3 |
| 3957. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница – Кичево......... | 3 |
| 3958. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ - Скопје.......................... | 4 |
| 3959. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика.............................. | 4 |
| 3960. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје............ | 4 |
| 3961. | **Одлука** за давање на одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица..... | 4 |
| 3962. | **Одлука** за отстапување на користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување.................... | 5 |
| 3963. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница.................................... | 5 |
| 3964. | **Одлука** за давање на согласност за раскинување на Договорот за доделување на државна помош бр.13-475/1 од 9.3.2016 година и бр.13-475/2 од 22.8.2016 година склучен со Друштво за производство, трговија и услуги ФПЦ ТЕХНОПЛАСТ увоз-извоз Илинден.......................... | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3965. | **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.................................... | **6** |
| 3966. | **Одлука** за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година............. | **6** |
| 3967. | **Решение** за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница......................................... | **7** |
| 3968. | **Исправка** на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија............................... | **7** |
| 3969. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот..................................... | **7** |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-56** |


# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3954.**

Врз основа на член 131 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 198 ставови 4 и 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, по повод утврдувањето на Нацртот на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија,Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3 декември 2018 година, ги донесе следниве

### З А К Л У Ч О Ц И

1. Нацртот на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија се става на јавна дискусија. Јавната дискусија трае 5 работни дена од денот на објавувањето на овие заклучоци во „Службен весник на Република Македонија".

2. Нацртот на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија заедно со овие заклучоци, ќе се објави во дневните весници „Слободен печат“ и „Koha“.

3. Граѓаните, политичките партии, здруженијата на граѓани, органите и организациите, како и другите учесници во јавната дискусија, своите забелешки, предлози и сугестии по Нацртот на амандманите на Уставот, непосредно да ги упатуваат до предлагачот - Владата на Република Македонија.

4. Предлагачот - Владата на Република Македонија, да ја организира, следи и сумира јавната дискусија и најдоцна во рок од 2 дена по денот на завршувањето на јавната дискусија, на Собранието да му достави Извештај за резултатите од јавната дискусија и Текст на предлогот на амандманите.

5. Овие заклучоци заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се доставаат до Владата на Република Македонија.

6. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 - 6991/1
3 декември 2018 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3955.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ПРЕДТРЕТМАН НА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАС. ОМОРАНИ (ВАСИЛ АНТЕВСКИ ДРЕН) КО ОМОРАНИ, ОПШТИНА ЧАШКА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација и предтретман на отпадни води во нас.Оморани (Васил Антевски Дрен) КО Оморани, општина Чашка.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 3090 –дел | Оморани | Ливаѓе | овоштарник | 4 |
| 3135 – дел | Оморани | Н.Васил Антевски Дрен | нива | 5 |
| 3144 – дел | Оморани | Н.Васил Антевски Дрен | нива | 3 |
| 3441 –дел | Оморани | Н.Васил Антевски Дрен | пасиште | 4 |
| 3456 – дел | Оморани | Пазариште | пасиште | 4 |
| 3457 – дел | Оморани | Пазариште | нива | 5 |
| 3556 – дел | Оморани | Пазариште | нива | 3 |
| 3562/1 – дел | Оморани | Ливаѓе | нива | 4 |
| 3542/2 – дел | Оморани | Н.Васил Антевски Дрен | нива | 4 |
| 302 – дел | Оморани | Лениште | нива | 5 |
| 805 - дел | Оморани | Лениште | нива | 5 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | 2343m² | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 44-9925/1
27 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3956.**

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција изнесува 76,8 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува со исплатата на платата за месец јануари 2019 година.

Бр. 44-10065/1
27 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3957.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“, бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ОПШТА БОЛНИЦА – КИЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Опис на движната ствар | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Кревет болнички на тркала обичен | 200/90 см | 17 |
| 2 | Кревет болнички хидрауличен | 200/90 см | 2 |
| 3 | Кревет болнички со механизам за подигање на преден дел | 200/90 см | 1 |
| 4 | Болнички наткасни | 40/45/85 см | 3 |
| 5 | Дрвен плакар | 118/90/50 см | 1 |
| 6 | Душеци за кревети | 185/90/15 см | 10 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Општа болница – Кичево.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Општа болница – Кичево, со кој се уредуваат правата и обврските на движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10070/1
27 ноември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**3958.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНИ ОДЛУКИ НА ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ“ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје бр. 09-3287/2 од 7.11.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-10136/1
27 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3959.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНИ ОДЛУКИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика бр. 09-4767/1 од 7.11.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-10136/2
27 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3960.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНИ ОДЛУКИ НА ЈУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје бр. 09-4343/3 од 7.11.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10136/3
27 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3961.**

Врз основа на член 90 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА**

1. Владата на Република Македонија дава одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул. „101” б.б. - Вратница, КП. 1443/17 КО Вратница - Општина Јегуновце, на Друштвото за производство, трговија и услуги Лијотекс груп ДООЕЛ увоз-извоз с. Вратница, Јегуновце, со седиште на ул. 101 бр. 5 Вратница, Јегуновце.

2. Установата од точка 1 од оваа одлука обезбедува опрема, простор, средства и кадри за социјална заштита и згрижување на 40 корисници, согласно со Правилникот за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита за стари лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.125/15).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10175/1 — Претседател на Владата
27 ноември 2018 година — на Република Македонија,
Скопје — **Зоран Заев,** с.р.

---

**3962.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), а во врска со член 42 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука движни ствари во сопственост на Република Македонија, кои се штетни по здравјето и животната средина, се отстапуваат на Дирекцијата за заштита и спасување на користење, без надомест, и тоа:

1. делови од ракети – 10 парчиња;
2. разни хемиски соединенија (во пластични туби) – 19 туби;
3. материи – материјали со неутврден состав – 20 парчиња;
4. експлозивна направа – 3 парчиња;
5. експлозивни полнења – 7 парчиња;
6. реагенс, силикати за противградни ракети пакувани во пластични буриња и хартиени буриња – 52 буриња;
7. тела од ракети – 24 парчиња;
8. шеферси – 20 020 парчиња;
9. градобидни ракети – 11 парчиња;
10. ракетни мотори – 19 парчиња;
11. тела (цилиндри) од противградни ракети – 20 парчиња;
12. детонаторски кабел во котури – 2 000/м;
13. хемиски соединенија во стаклени шишиња – 3 (шишиња) парчиња;
14. ракетофрлач – 2 парчиња;
15. ракети делумно комплетирани – 7 парчиња;
16. глави за ракети – 30 парчиња;
17. ракетно гориво во форма на платно – 4 котури, 12/м;

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се отстапуваат на користење на Дирекцијата за заштита и спасување, заради преземање мерки за заштита на здравјето и животната средина, согласно закон.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10194/1 — Заменик на претседателот
27 ноември 2018 година — на Владата на Република
Скопје — Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**3963.**

Врз основа на член 7 алинеја 11 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО, СО СЕДИШТЕ ВО ГРАЧАНИЦА

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Република Косово, со седиште во Грачаница.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10298/1 — Претседател на Владата
27 ноември 2018 година — на Република Македонија,
Скопје — **Зоран Заев,** с.р.

---

**3964.**

Врз основа на член 12 став (2) точка 29 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ БР.13-475/1 ОД 9.3.2016 ГОДИНА И БР.13-475/2 ОД 22.8.2016 ГОДИНА СКЛУЧЕН СО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ФПЦ ТЕХНОПЛАСТ УВОЗ-ИЗВОЗ ИЛИНДЕН**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за раскинување на Договорот за доделување на државна помош бр.13-475/1 од 9.3.2016 година и бр.13-475/2 од 22.8.2016 година склучен со Друштво за производство, трговија и услуги ФПЦ ТЕХНОПЛАСТ увоз-извоз Илинден.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10332/1
27 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3965.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Член 1

Со оваа одлука на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се даваат на трајно користење без надомест недвижни ствари во сопственост на Република Македонија кои претставуваат објекти во опфатот на Индустриската зона „Кратово“, запишани во Имотен лист бр.629 КО Туралево и тоа на:

- КП 354/3 м.в. драки бр.зграда/друг објект 16, намена на зграда или друг објект Г2-5, влез 1 кат ПР број 000, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП внатрешна површина 1585 м2,
- КП 354/3 м.в.ДРАКИ бр.зграда/друг објект 17, намена на зграда или друг објект Г2-5, влез 1 кат К1 број 000, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП внатрешна површина 105 м2,
- КП 354/3 м.в.ДРАКИ бр.зграда/друг објект 17, намена на зграда или друг објект Г2-5, влез 1 кат ПР број 000, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП внатрешна површина 101 м2,
- КП 354/3 м.в.ДРАКИ бр.зграда/друг објект 18, намена на зграда или друг објект Г2-5, влез 1 кат ПР број 000, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП внатрешна површина 351 м2,
- КП 354/3 м.в.ДРАКИ бр.зграда/друг објект 19, намена на зграда или друг објект Г2-5, влез 1 кат ПР број 000, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП внатрешна површина 414 м2,
- КП 354/3 м.в.ДРАКИ бр.зграда/друг објект 19, намена на зграда или друг објект Г2-5, влез 1 кат ПР број 000, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП внатрешна површина 290 м2,
- КП 354/3 м.в.ДРАКИ бр.зграда/друг објект 20, намена на зграда или друг објект Г2-5, влез 1 кат ПР број 000, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП внатрешна површина 36 м2 и
- КП 354/3 м.в.ДРАКИ бр.зграда/друг објект 21, намена на зграда или друг објект Г2-5, влез 1 кат ПР број 000, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП внатрешна површина 113 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10459/1
27 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3966.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИТЕ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ СВРЗАНИ СО АЖУРИРАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ, ПРЕДВИДЕНО СО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, РЕГУЛАЦИОНИ ПЛАНОВИ НА ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УРБАНИСТИЧКО - ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука како геодетски работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година се утврдуваат работите за изработка на ажурирана геодетска подлога за државна урбанистичко планска документација за брана и акумулација Слупчанска Река, на: КП бр.2, КП бр. 3, КП бр. 4, КП бр. 5, КП бр. 6, КП бр. 7, КП бр. 8, КП бр. 9, КП бр. 10, КП бр. 11, КП бр. 12, КП бр. 13, КП бр. 14, КП бр.31/1,

КП бр.32, КП бр.33, КП бр.34, КП бр.35, КП бр.2731/1, КП бр.2733, КП бр.2762 и КП бр.2748 во КО Слупчане - вон град и КП бр. 30/2, КП бр. 886, КП бр. 888, КП бр. 1263, КП бр. 1270 и КП бр. 2762 во КО Руница, Општина Липково.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-10615/1 | Претседател на Владата |
| 27 ноември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3967.**

Врз основа на член 7 алинеја 9 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.11.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО, СО СЕДИШТЕ ВО ГРАЧАНИЦА**

1. Се именува Расим Мрљаку, за почесен конзул на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-10291/1 | Претседател на Владата |
| 27 ноември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3968.**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 205/18, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во членот 1, алинеја 2 од Одлуката, бројот „1196 м2“, треба да се замени со бројот „1188 м2“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-9413/2 | |
| 29 ноември 2018 година | Од Владата |
| Скопје | на Република Македонија |

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3969.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ**

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/12, 50/13, 71/14, 223/15 и 218/16), во точката 19-ѓ., во ставот 1 потточки 19-ѓ.3. и 19-ѓ.4. зборот: „позиции“, се заменува со зборот: „инструменти“.

Во ставот 2, зборот: „позицијата“ се заменува со зборот: „инструментот“, зборот: „којашто“ се заменува со зборот: „којштo“, а зборот: „нејзиниот“ се заменува со зборот: „неговиот“.

2. Во точката 19-ј., ставот 1 се менува и гласи:

„Без добиена согласност од Народната банка, банката не може да го намали износот на сопствените средства преку:

1) Откуп или намалување на вредноста на инструментите коишто се дел од редовниот основен капитал;

2) Откуп или отплата на инструментите коишто се дел од додатниот основен капитал;

3) Откуп или отплата на инструментите коишто се дел од дополнителниот капитал, пред договорениот рок на достасување.“

Во ставот 4 во алинејата 1, зборовите: „работење, или“ се заменуваат со зборовите: „работење, и/или“.

Во ставот 7 во алинејата 2, по зборот: „години“, се додава запирка и зборовите: „имајќи ја предвид деловната политика на банката“.

3. Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| О. бр. 02-15/XVIII-1/2018 | Гувернер |
| 29 номеври 2018 година | и претседавач на Советот |
| Скопје | на Народната банка на |
| | Република Македонија, |
| | **д-р Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р. |

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2018221